*Нашата цел е да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи, земени како целина, не содржат материјално значајни погрешни искази, настанати како резултат на криминално дејство или грешка; и да издадеме ревизорски извештај кој содржи мислење на ревизорот. Разумното уверување означува висок степен на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешни искази, доколку такви искази постојат. Погрешни искази може да настанат како резултат на криминално дејство или грешка и се сметаат за материјално значајни ако е разумно да се очекува дека тие, поединечно или заеднички, ќе влијаат врз економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.*

*Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионална проценка и одржуваме професионален скептицизам за време на ревизијата. Исто така, ние:*

- *Вршиме идентификација и проценка на ризикот од материјално значајни погрешни искази во финансиските извештаи, настанати како резултат на криминално дејство или грешка; осмислување и спроведување на ревизорски постапки кои се соодветни за тие ризици; и прибавување на доволно соодветни ревизорски докази за да се обезбеди основа за мислењето на ревизорот. Ризикот дека нема да бидат идентификувани материјално значајни погрешни искази кои се резултат на криминално дејство е поголем отколку за погрешни искази настанати како резултат на грешка, затоа што криминалното дејство може да вклучи здружување, фалсификување, намерни пропусти, лажно прикажување или заобиколување на внатрешната контрола.*

- *Стекнуваме разбирање на внатрешните контроли кои се релевантни за ревизијата со цел осмислување на ревизорски постапки кои се соодветни во дадените околности, но не со цел изразување мислење за ефикасноста на системот на внатрешна контрола на Банката.*

- *Вршиме проценка на применетите сметководствени политики и во која мера се разумни сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања кои ги извршило раководството.*

- *Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на начелото на континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и, врз основа на прибраните докази, дали постои материјално значајна неизвесност во врска со настани или услови кои можат да предизвикаат значајна сомнеж во поглед на способноста на ентитетот да продолжи со работењето во согласност со начелото на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјално значајна неизвесност, должни сме во нашиот извештај да укажеме на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или, ако таквите обелоденувања не се адекватни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибрани до датумот на извештајот на ревизорот. Сепак, идни настани или услови можат да имаат за последица Банката да престане да работи во согласност со начелото на континуитет.*

- *Вршиме проценка на севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучително и обелоденувањата, и дали во финансиските извештаи се прикажани основните трансакции и настани на таков начин што се постигнува фер презентација.*

  *Им соопштуваме на лицата овластени за управување, меѓу другото, планираниот обем и времето на ревизијата и значајните ревизорски наоди, вклучително и сите значајни недостатоци на внатрешната контрола кои ги идентификуваме за време на ревизијата.*

  *Исто така, им доставуваме на лицата овластени за управување изјава дека сме усогласени со релевантните етички барања во поглед на независноста и дека ќе ги известиме за сите односи и други прашања за кои може разумно да се претпостави дека влијаат врз нашата независност, и каде што е можно, за поврзаните заштитни мерки.*

MOORE

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.7Б 1/2
Лиценца 4286,Скопје
Тел:+389 75 877 855

***ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР***

**На Акционерите на „Алта Банка" а.д. Београд (Продолжение)**

***Останати информации за годишниот извештај за работењето***

*Раководството на Банката е одговорно за останатите информации. Останатите информации ги опфаќаат информациите вклучени во годишниот извештај за работењето (чиј составен дел е извештајот за корпоративно управување), но не ги вклучуваат годишните финансиски извештаи и нашиот извештај на независниот ревизор за нив.*

*Нашето мислење за годишните финансиски извештаи не ги опфаќа останатите информации, освен во онаа мера во која тоа е изречно наведено во делот од нашиот извештај на независниот ревизор под наслов Извештај за други законски и регулаторни барања, и ние не изразуваме никаков облик на заклучок со кој се обезбедува уверување за нив.*

*Во врска со нашата ревизија на годишните финансиски извештаи, нашата одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали постои материјално значајна недоследност помеѓу нив и финансиските извештаи, или дали, според нашите сознанија стекнати за време на ревизијата или на друг начин, тие претставуваат материјално погрешни искази. Доколку, врз основа на работата што ја извршивме, заклучиме дека постои материјално погрешен исказ во останатите информации, од нас се бара таа фактичка состојба да ја соопштиме во извештајот. Во тој поглед, не постои ништо што би требало да го соопштиме во извештајот.*

***Извештај за други законски и регулаторни барања***

*Во согласност со барањата кои произлегуваат од член 33 од Законот за сметководство и член 39 од Законот за ревизија на Република Србија, ги извршивме потребните постапки во врска со годишниот извештај за работењето (вклучително и извештајот за корпоративно управување – кој претставува негов составен дел) со цел проверка на усогласеноста на годишниот извештај за работењето со годишните финансиски извештаи на Друштвото, како и проверка дали годишниот извештај за работењето (вклучително и извештајот за корпоративно управување) е составен во согласност со важечките законски одредби.*

*Според наше мислење, годишниот извештај за работењето е:*

- *усогласен со годишните финансиски извештаи на Друштвото и*
- *составен во согласност со важечките законски одредби согласно член 34 од Законот за сметководство.*

*Информациите во извештајот за корпоративно управување се прикажани во согласност со став 2 точки 2) и 3) и содржат информации од став 2 точки 1), 4) и 5) од член 35 на Законот за сметководство.*

*Врз основа на познавањето и разбирањето на Друштвото и неговото опкружување, стекнато за време на ревизијата или на друг начин, не утврдиме материјално значајни погрешни наводи во годишниот извештај за работењето.*

*Во Белград, 14 март 2024 година*

*„МУР СТЕФЕНС"*
*Ревизија и Сметководство" д.о.о. Београд*
*Студентски трг 4/V*

*Ружица Вукосављевиќ*
*Лиценциран овластен ревизор*
*/нечитлив потпис/*

/тркалезен печат со текст/
Трговско друштво за ревизија, сметководство и консалтинг
„МУР СТЕФЕНС" Ревизија
Сметководство
Белград II

*„МУР СТЕФЕНС"*
*Ревизија и Сметководство" д.о.о. Београд*
*Студентски трг 4/V*

*Богољуб Алексиќ*
*Директор*
*/нечитлив потпис/*

Студентски трг 4/V, 11000 Белград

MOORE

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Спа... бр.7Б 1/2
Лиценца 4286, Скопје
Тел. ... 74 877 855

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**Во периодот од 1. јануари до 31. декември 2023. година**

| | Забелешка | 2023 | Во илјади динари 2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камати | | 2,785, 406 | 1,398,900 |
| Расходи од камати | | (485, 029) | 254, 217) |
| **Нето приход по основ на камати** | 6 | 2,300,377 | 1,144,683 |
| Приходи од надоместоци и провизии | | 2,559,803 | 1,848,684 |
| Расходи од надоместоци и провизии | | (780,933) | (688,019) |
| **Нето приход по основ на надоместоци и провизии** | 7 | 1,778,870 | 1,160,665 |
| Нето загуба по основ на промена на фер вредноста на финансиските инструменти | 8 | (51, 716) | (28,908) |
| Нето добивка по основ на престанок на признавањето на финансиските инструменти кои се вреднуваат по фер вредност | | 352 | 58 |
| Нето добивка по основ на заштита од ризик | | - | - |
| Нето приход од курсни разлики и ефекти на договорената валутна клаузула | 9 | (223,892) | (219,443) |
| Нето расход по основ на обезвреднување на финансиските средства кои не се вреднуваат по фер вредност преку БУ | 10 | (839,698) | (1,058,388) |
| Други деловни приходи | 11 | 22,391 | 46,668 |
| **ВКУПЕН НЕТО ДЕЛОВЕН РАСХОД/ПРИХОД** | | 2,986,684 | 1,045,335 |
| Трошоци за плати, надоместоци на плати и останати лични расходи | 12 | (712,933) | (468,159) |
| Трошоци за амортизација | 13 | (92,416) | (60,186) |
| Други приходи | 14 | 11,670 | 4,498 |
| Други расходи | 15 | (934,539) | (468,914) |
| **(ЗАГУБА)/ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | 1,258,466 | 52,574 |
| **ДАНОК НА ДОБИВКА** | 16а | 159,127 | |
| Загуба/Добивка по основ на одложени даноци | | 6,236 | (2,565) |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | 1,105,575 | 50,009 |
| Заработка по акција | | 3,451 | 173 |

Забелешките претставуваат составен дел на овие поединечни финансиски извештаи

Белград, 14 март 2024 година

| /нечитлив потпис/ Јасмина Ковачевиќ | /нечитлив потпис/ Др Уна Сикимиќ | /нечитлив потпис/ Татјана Кулак |
|---|---|---|
| Директор на сектор за сметководство и известување | Претседателка на Извршниот одбор | Член на Извршниот одбор |

/отпечатен печат/
АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД I
АЛТА БАНКА

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.7б 1/2
Лиценца 4286,Скопје
Тел:+389 75 877 855

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ДРУГ РЕЗУЛТАТ**
**Во периодот од 1. јануари до 31. декември 2023. година**

| | Во илјади динари 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | 1,105,575 | 50,009 |
| **Компоненти на другиот резултат кои не можат да бидат рекласифицирани во добивка или загуба:** | | |
| Намалување на ревалоризираните резерви по основ на нематеријални вложувања и основни средства | - | - |
| Позитивни/(негативни) ефекти од промената на вредноста на сопственичките инструменти кои се вреднуваат по фер вредност преку другиот резултат | 241 | 195 |
| **Компоненти на другиот резултат кои можат да бидат рекласифицирани во добивка или загуба:** | | |
| Позитивни/Негативни ефекти од промената на вредноста на должничките инструменти кои се вреднуваат по фер вредност преку другиот резултат | 28,043 | (74,847) |
| Добивка по основ на данок кој се однесува на другиот резултат | (10,161) | 10,161 |
| **Вкупен (негативен) / позитивен друг резултат во периодот** | **18,123** | **(64,491)** |
| **ВКУПЕН НЕГАТИВЕН/ПОЗИТИВЕН РЕЗУЛТАТ ВО ПЕРИОДОТ** | **1,123,698** | **(14,48 2)** |

Забелешките претставуваат составен дел на овие поединечни финансиски извештаи

Белград,14 март 2024 година

| /нечитлив потпис/ Јасмина Ковачевиќ | /нечитлив потпис/ Др Уна Сикимиќ | /нечитлив потпис/ Татјана Куљак |
|---|---|---|
| Директор на сектор за сметководство и известување | Претседателка на Извршниот одбор | Член на Извршниот одбор |

/приложен печат/
АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД I
АЛТА БАНКА

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова 60 75 1/2
Лиценца ... Скопје
Тел.: +389 7. 877 ...

АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На ден 31 декември 2023 година**

| | Забелешка | 31.12.2023 | 31.12.2022 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| Готовина и средства кај централната банка | 17 | 34,324,542 | 26,370,610 |
| Побарувања по основ на деривати | | 0 | 1 2,059 |
| Хартии од вредност | 18 | 993,544 | 989,620 |
| Кредити и побарувања од банки и други финансиски организации | 19 | 12,867,881 | 10,702,471 |
| Кредити и побарувања од комитенти | 20 | 21,430,463 | 1 5,235,91 5 |
| Инвестиции во зависни друштва | 21 | 114 | 114 |
| Нематеријални вложувања | 22 | 57,851 | 24,680 |
| Недвижнини, постројки и опрема | 22 | 1,592,684 | 1,432,749 |
| Инвестициони недвижнини | 23а | 241,694 | 241,694 |
| Тековни даночни средства | | 0 | 10 ,443 |
| Постојани средства наменети за продажба и средства на работење кое се прекинува | | - | - |
| Други средства | 24 | 8,254,063 | 153,461 |
| **ВКУПНО АКТИВА** | | **79,762,836** | **55,173,816** |
| Обврски по основ на финансиски деривати наменети за заштита од ризици | | 81,600 | 42,936 |
| Депозити и други обврски кон банките, другите финансиски организации и организации и централната банка | 25 | 2,503,876 | 1,733,375 |
| Депозити и други обврски кон другите комитенти | 26 | 61,977,392 | 48,446,163 |
| Резервирања | 27 | 153, 667 | 78,442 |
| Тековни даночни обврски | | 148,684 | |
| Одложени даночни обврски | 16с | 116,034 | 112,109 |
| Други обврски | 28 | 8,312,840 | 715,745 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **73,294,093** | **51,128,770** |
| **КАПИТАЛ** | | | |
| Акционерски капитал | 29 | 4,380,297 | 3,080,297 |
| Добивка | | 1,105, 575 | 50,009 |
| Резерви | | 982,871 | 914,740 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ** | | **6,468,743** | **4,045,046** |
| **ВКУПНО ПАСИВА** | | **79,762,836** | **55,173,816** |

Белград, 14 март 2024 година

Забелешките претставуваат составен дел на овие поединечни финансиски извештаи

| /нечитлив потпис/ | /нечитлив потпис/ | /нечитлив потпис/ |
|---|---|---|
| Јасмина Ковачевиќ | Др Уна Сикимиќ | Татјана Куљак |
| Директор на сектор за сметководство и известување | Претседателка на Извршниот одбор | Член на Извршниот одбор |

/приложен печат/
АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД I
АЛТА БАНКА

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.7Б 1/2
Лиценца 4286,Скопје
Тел:+389 75 877 855

**АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИТЕ ТЕКОВИ**
**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година**

| | Во илјади динари 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| **Прилив на готовина од деловни активности** | **4,304,810** | **3,055,189** |
| Приливи од камати | 1,779,720 | 1,197,312 |
| Приливи од надоместоци | 2,519,524 | 1,846,759 |
| Приливи по основ на останати деловни активности | 5,563 | 11,118 |
| Приливи од дивиденди и учество во добивка | 3 | - |
| **Одливи на готовина од деловни активности** | **2,555,668** | **1,796,711** |
| Одливи по основ на камати | (347,617) | (256,530) |
| Одливи по основ на надоместоци | (729,876) | (631,331) |
| Одливи по основ на бруто, плати, надоместоци на плати и други лични расходи | (649,276) | (446,858) |
| Одливи по основ на даноци, придонеси и други давачки | (151,138) | (107,508) |
| Одливи по основ на други трошоци на работењето | (677,761) | (354,484) |
| **Нето прилив/одлив на готовина од деловни активности пред зголемување или намалување на пласманите и депозитите** | **1,749,142** | **1,258,478** |
| ***Намалување на пласманот и зголемување на депозитот и другите обврски*** | ***5,463,457,492*** | ***4,199,425,899*** |
| Намалување на кредитите и побарувањата од банките, другите финансиски организации, централната банка и комитентите | 426,785,659 | 525,511,668 |
| Намалување на останатите хартии од вредност кои не се наменети за инвестирање | 197,089,269 | 151,898,857 |
| Зголемување на депозитите и останатите обврски кон банките, другите финансиски организации, централната банка и комитентите | 4,839,582,564 | 3,522,015,374 |
| ***Зголемување на пласманите; намалување на земените депозити и другите обврски*** | ***(5,456,398,718)*** | ***(4,189,465,286)*** |
| Зголемување на кредитите и побарувањата од банките, другите финансиски организации, централната банка и комитентите | (405,528,858) | (461,303,878) |
| Зголемување на финансиските средства кои првично се признаваат по фер вредност преку билансот на успех, финансиските средства наменете за тргување и останатите хартии од вредност кои не се наменети за инвестирање | (192,150,000) | (150,150,947) |
| Намалување на депозитите и останатите обврски кон банките, другите финансиски организации, централните банки и комитентите1 | (4,858,719,860) | (3,578,010,461) |
| **Нето прилив на готовина од деловни активности пред данок на добивка** | **8,807,916** | **11,219,091** |
| Платен данок на добивка | - | - |
| Исплатени дивиденди | - | - |
| **Нето прилив на готовина од деловни активности** | **8,807,916** | **11,219,091** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД АКТИВНОСТИ НА ИНВЕСТИРАЊЕ** | | |
| **Приливи на готовина од активности на инвестирање** | - | - |
| Приливи од продажба на нематеријални вложувања, недвижнини, постројки и опрема | - | - |
| Приливи од продажба на инвестициони недвижнини | - | - |
| **Одливи на готовина од активности на инвестирање** | - | - |
| Одливи за купување на нематеријални вложувања, недвижнини, постројки и опрема | (217,919) | (119,624) |
| Одливи по основ набавка на инвестициони недвижнини | | |
| **Нето одлив на готовина од активности на инвестирање** | **(217,919)** | **(119,624)** |

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

Адвокат Александар Кралевски
ул. Славка Динкова бр.75 1/2
Лиценца 4286, Скопје
Тел:+389 75 877 855

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИТЕ ТЕКОВИ
**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година**

| | Во илјади динари 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД АКТИВНОСТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | | |
| **Приливи на готовина од активности на финансирање** | **61,874** | **241,632** |
| Приливи по основ на земени кредити | 61,874 | 241,632 |
| Приливи по основ на продажба на сопствени акции | - | - |
| **Одливи на готовина од активности на финансирање** | **45,928** | **23,235** |
| Одливи на готовина по основ на земени кредити | 45,928 | 23,235 |
| Одливи на готовина по основ на откуп на сопствени акции | - | - |
| **Нето прилив на готовина од активности на финансирање** | **15,946** | **218,397** |
| **Вкупно приливи на готовина** | **5,467,824,176** | **4,202,722,720** |
| **Вкупно одливи на готовина** | **5,459,218,233** | **4,191,404,856** |
| **Нето (намалување)/зголемување на готовината** | **8,605,943** | **11,317,864** |
| Готовина и готовински еквиваленти на почетокот на годината | 19,215,602 | 7,897,419 |
| Позитивни/ (негативни) курсни разлики, нето | 2,128 | 319 |
| **Готовина и готовински еквиваленти на крајот од годината** | **27,823,673** | **19,215,602** |

Белград,14 март 2024 година

Забелешките претставуваат составен дел на овие поединечни финансиски извештаи

| /нечитлив потпис/ Јасмина Ковачевиќ | /нечитлив потпис/ Др Уна Сикимиќ | /нечитлив потпис/ Татјана Куљак |
|---|---|---|
| Директор на сектор за сметководство и известување | Претседателка на Извршниот одбор | Член на Извршниот одбор |

/трасиран печат/
АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД I
АЛТА БАНКА

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.75 1/2
Лиценца 4286,Скопје
Тел. +389 75 877 855

АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ**
**Во периодот од 1. јануари до 31. декември 2023. година**

| | Акционерски капитал | Емисиона премија | Резерви од добивка | Ревалоризациски резерви и нереализирани добивки/загуба | Резултат за периодот | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 1. јануари 2021.** | 2,912,133 | 168,164 | 278,079 | 689,543 | 11,608 | 4,056,527 |
| Вкупен друг резултат за периодот | - | - | - | - | - | (64,490) |
| Добивка во тековната година | - | - | - | - | 50,009 | 50,009 |
| Пренос на резервите | | | 11,608 | - | (11,608) | - |
| **Состојба на 31. декември 2021.** | 2,912,133 | 168,164 | 289,687 | 625,053 | 50,009 | 4,045,046 |
| | | | | | | |
| **Состојба на 01.јануари 2022.** | 2,912,133 | 168,164 | 289,687 | 625,053 | 50,009 | 4,045,046 |
| Вкупен друг резултат за периодот | - | - | - | 18,122 | - | 18,122 |
| Добивка во тековната година | - | - | - | - | 1,105,575 | 1,105,575 |
| Пренос на резервите | - | - | 50,009 | - | (50,009) | - |
| Друго - зголемување | 1,299,991 | 9 | - | - | - | 1,300,000 |
| **Состојба на 31. декември 2023.** | 4,212,124 | 168,173 | 339,696 | 643,175 | 1,105,575 | 6,468,743 |

Белград,14 март 2024 година

Забелешките претставуваат составен дел на овие поединечни финансиски извештаи

| /нечитлив потпис/<br>Јасмина Ковачевиќ | /нечитлив потпис/<br>Др Уна Сикониќ | /нечитлив потпис/<br>Татјана Кулак |
|---|---|---|
| Директор на сектор за сметководство и известување | Претседателка на Извршниот одбор | Член на Извршниот одбор |

/правлечен печат/
АЛТА БАНКА а.д. БЕОГРАД 1
АЛТА БАНКА

7.6. Податоци за изворите на финансирање на понудата за преземање (дали понудата ќе се финансира од сопствените парични средства, преку кредит од банка или на друг начин) и за последиците од понудата на извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатната добивка на преземачот или на групата на која и припаѓа

Преземачот планира преземањето да го финансира од сопствени средства, потпирајќи се на сопствената финансиска стабилност, одржливо работење и стратешки пристап кон управувањето со ликвидноста. Ваквиот пристап овозможува реализација на преземањето без потреба од потпирање на надворешно финансирање како примарен инструмент, што дополнително го потврдува капацитетот самостојно и одржливо да се реализираат значајни инвестициски активности.

Преземачот во претходните години бележеше позитивен финансиски резултат, кој беше придружен со стабилен раст и зголемување на деловната активност. Согласно наведеното, Преземачот располага со слободни парични средства, кои ќе бидат искористени за предметното преземање.

7.7. Опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на преземачот со целното друштво на кои се однесува понудата за преземање или со некои од акционерите на целното друштво

Во периодот што му претходел на објавувањето на Понудата за преземање, Преземачот не остварил значајни контакти со поединечни акционери, освен купувањето на 4,97% од акциите преку блок

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.75 1/2
Лиценца 4236,Скопје
Тел:+389 75 577 855

трансакција на берзата од страна сопственик на Преземачот, Алта Гроуп ДОО Белград.

## 8. *ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ*

### 8.1. Цел на понудата за преземање

Преземачот ја иницира оваа понуда за преземање со цел стекнување контролен пакет акции на Целното друштво, како клучен чекор во спроведувањето на својата стратегија за раст во секторот на финансиски услуги на пазарот на Република Северна Македонија. Преземачот очекува дека со преземањето на Целното друштво ќе ги оствари следниве стратешки цели:

- Консолидација на сопственичката позиција преку стекнување контролен пакет акции во веќе оперативна и локално препознатлива банка;
- Понатамошно унапредување на работењето на Целното друштво преку планирано зајакнување на управувачките и оперативните капацитети, со трансформација на Целното друштво во стабилна, сигурна и силна финансиска институција;
- Искористување на синергијата на групата во сите аспекти на работењето, со почитување на највисоките стандарди на корпоративно управување;
- Долгорочно зајакнување на финансиските перформанси на Целното друштво со зачувување на стабилноста, капиталната адекватност и ликвидноста.

### 8.2. Намерата и плановите на преземачот во однос на идното работење на целното друштво, и ако понудата за преземање има влијание и во однос на идното работење на преземачот – правно лице

Во случај на успешно завршување на постапката за преземање, Преземачот има намера да ги насочи своите активности кон спроведување на стратегија насочена кон понатамошен развој и унапредување на работењето на Целното друштво, со цел остварување одржлив раст, зголемување на ефикасноста и зајакнување на конкурентската позиција на пазарот. Преземачот ги препознава

следниве стратешки насоки како клучни за идниот развој на Целното друштво:

- Понатамошен развој и модернизација на работењето, со посебен акцент на дигитализација на процесите и унапредување на корисничкото искуство;
- Оптимизација на организациската структура и деловните процеси, со цел зголемување на оперативната ефикасност и агилност;
- Одржување стабилна капитална основа и соодветна ликвидност, кои го поддржуваат и овозможуваат остварувањето на долгорочните цели за одржливо работење;
- Модернизација и унапредување на системот за управување со ризици, преку примена на современи технолошки решенија и методологии;
- Зајакнување на пазарната позиција во сегментот мали и средни претпријатија (SME), препознаен како стратешки важен за понатамошен раст и развој, со задржување на фокусот на сегментот население;

Овие иницијативи се насочени кон постепено усогласување на моделот на работење со современите банкарски стандарди и долгорочната одржливост на работењето. Не се очекува понудата за аквизиција да има некакво материјално влијание врз идното работење на правното лице кое ќе презема, бидејќи неговиот консолидиран капитал на 31 декември 2024 година изнесуваше 156 милиони евра, додека неговата актива изнесуваше 1.3 милијарди евра. Ентитетот кој го презема ќе продолжи да работи во согласност со своите постојни стратешки цели и деловен модел, при што аквизицијата ке има само ограничен ефект врз неговата финансиска состојба.

## 8.3. Деловната политика на целното друштво по преземањето

### 8.3.1. Планираниот начин на управување со целното друштво

Преземачот има намера да ја задржи постојната правна структура и оперативната рамка на Целното друштво, зајакнувајќи го истовремено стратешкото управување преку проширување на менаџерскиот тим со додавање уште еден член на Управниот одбор. Целта е Целното друштво дополнително да се зајакне во развојот и унапредувањето на своите политики и внатрешни процеси, во согласност со современите пазарни стандарди и најдобрите практики на Алта Банка, со посебен акцент на управувањето со ризиците, дигитализацијата и спроведувањето на стратешките иницијативи за раст. Ваквиот пристап овозможува континуитет во деловното работење и зачувување на пазарната позиција на Целното друштво, истовремено обезбедувајќи пристап до знаење, ресурси и управувачка поддршка што ја обезбедува Преземачот, со цел постигнување подобра вкупна ефикасност, отпорност и долгорочен раст.

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ ул. Славка Дункова бр.7Б 1/2 Лиценца 4286,Скопје Тел:+389 75 877 855

8.3.2. Политика на преструктуирање на целното друштво

Во случај на успешно завршување на постапката за преземање, Преземачот планира спроведување на постепена модернизација на работењето и зајакнување на капацитетите на Целното друштво, со одредени промени во постојната организациска структура.

Промените пред сè ќе опфатат:

- Оптимизација на деловните процеси и дигитална трансформација, со цел унапредување на ефикасноста и корисничкото искуство;
- Зајакнување на кадровските капацитети преку селективно вработување и преквалификација, особено во областите ИТ, аналитика и маркетинг, додека постојните вработени ќе бидат поддржани во прилагодувањето на новите барања;
- Постепена модернизација на продажната мрежа, вклучително ребрендирање и оптимизација, но без драстични промени во бројот или локацијата на филијалите.

Овој пристап има за цел да ја зачува стабилноста и континуитетот на работењето, истовремено обезбедувајќи ги неопходните технолошки и организациски надградби кои ќе го позиционираат Целното друштво за одржлив и стабилен развој во иднина.

8.3.3. Политика на вработување (податоци за политиката за заштитата и зачувувањето на работните места на вработените и органот на управување, вклучувајќи и податок за секоја измена на условите за вработување)

Во случај на успешно завршување на постапката за преземање, планирано е зголемување на бројот на вработени, во согласност со планираните деловни потреби, пазарните очекувања и идентификуваните барања. Посебен акцент ќе биде ставен на развојот на дигиталните компетенции на вработените.

Приоритетот ќе биде насочен кон зајакнување на стручните капацитети во корпоративниот сегмент, со посебен фокус на вработување и професионален развој на квалификуван кадар ангажиран во работа со мали и средни претпријатија (SME).

Планот е континуирано да се инвестира во обука на вработените, што треба да го подигне нивото на технички и практични знаења и вештини на вработените.

Планирано е целно ангажирање на стручњаци од областа на информациските технологии, аналитиката и маркетингот, со цел да се обезбеди поефикасна примена на современите технологии и да се унапреди целокупната понуда на производи и услуги на Банката.

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана
преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

Во рамки на планираната реорганизација на продажната мрежа – која подразбира ребрендирање, затворање на непрофитабилни локации и отворање нови експозитури на пазарно поатрактивни локации – апсолутен приоритет ќе биде зачувувањето на работните места преку внатрешна прераспределба и дополнителна обука на вработените.

Исто така, предвидено е именување на дополнителен член на Управниот одбор, со што дополнително ќе се зајакне управувачкиот капацитет на Целното друштво и ќе се обезбеди поддршка за реализација на амбициозните планови за раст и модернизација.

Преземачот е уверен дека ваквиот пристап – избалансиран и флексибилен раст на вработените, системски развој на дигиталните вештини и внимателно спроведена реорганизација на продажната мрежа – ќе придонесе за долгорочно зајакнување на профитабилноста на Целното друштво и изградба на стабилно, поттикнувачко и професионално работно опкружување за сите вработени.

8.3.4. Податоци за стратешките планови на преземачот за целното друштво, вклучувајќи и податоци за можното влијание на вработувањето, дејноста што целното друштво ја врши, средствата на целното друштво и неговите идни обврски, како и седиштето на целното друштво

Стратешките планови на Преземачот за Целното друштво по преземањето, со фокус на вработувањето, деловните активности, имотот и идните обврски, како и седиштето на Целното друштво, се следниве:

<u>Деловни активности на Целното друштво</u>

- Целното друштво ќе остане фокусирана на одржување на балансирана структура на кредитното портфолио и депозитната база, со раст на SME-сегментот и зачувување на фокусот на сегментот население;
- Континуираните инвестиции во модернизација на работењето, вклучително и дигитални канали и инфраструктура, се насочени кон зголемување на ефикасноста и проширување на клиентската база;
- Редизајн на внатрешните процеси што води до зголемување на ефикасноста и квалитетот на услугите, стремејќи се кон високи стандарди на одржливост на работењето;
- Стратешките цели вклучуваат проширување на услугите, воведување дигитално поддржани решенија и поддршка на иницијативите за одржлив развој за СМЕ-секторот.

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ ул. Славка Динкова бр.7б 1/2 Лиценца 4286, Скопје Тел.:+389 75 877 855

Стратешки фокус и влијание врз вработувањето

- Преземачот планира зајакнување на кадрите на Целното друштво за да ја поддржи стратегијата за проширување на портфолиото на Retail и SME/корпоративни кредити. Покрај тоа, приоритет при вработувањето ќе имаат и стручњаци од областа на информациските технологии, аналитиката и маркетингот;
- Во рамките на процесот на ребрендирање на деловната мрежа, Преземачот ќе настојува постојните вработени да ги прераспредели или преквалификува, со апсолутен приоритет за зачувување на работните места и обезбедување усогласеност со дигиталната трансформација на Банката.

Финансиска позиција

- Постојан раст на средства: Се очекува умерен раст на вкупниот средства преку балансирано зголемување на кредитите и во малопродажба и во сегментот на корпоративни клиенти, со диверзификација на изворите на финансирање;
- Силна капитална позиција: Задржувајќи ја добивката и зајакнувајќи ја капиталната позиција, со конзервативен пристап кон преземање и управување, Целното друштво ќе ја одржува капиталната адекватност над регулаторните барања;
- Претпазливо управување со ликвидноста: Стабилна депозитна база, со можност за standby кредитна линија од матичното друштво, ќе обезбеди доволна ликвидност и намалување на ризикот од рефинансирање;
- Подобрување на профитабилноста: Растот на нето каматните приходи и приходите од надоместоци се очекува преку проширување на кредитите и развој на услугите;
- Оптимизација на трошоците: Рационализацијата на продажната мрежа и инвестициите во дигитализација ќе придонесат за поефикасно работење и подобар однос помеѓу трошоците и приходите;
- Подобрување на квалитетот на активата: Намалувањето на лошите кредити и фокусот на поквалитетни клиенти ќе доведат до постабилно кредитно портфолио;
- Зајакнување на пазарната позиција: Органски раст, иновации и дигитални решенија ќе го прошируваат пазарниот удел и националното присуство на Банката.

Седиште

Седиштето на Целното друштво останува во Битола, Северна Македонија, без планови за промена на седиштето или правниот статус.

Улогата на Преземачот ќе биде насочена кон стратешки, управувачки и оперативни подобрувања, без намера за промени на правната форма или географската присутност на Целното друштво.

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр. ...
Лиценца 4286, Скопје
Тел: +389 75 877 8...

8.3.5. Распределба на добивката на целното друштво

Стратешката ориентација на Преземачот, во случај на успешно завршување на постапката за преземање, би се огледала во политика на задржување на целокупната остварена добивка и нејзино реинвестирање во работењето. Задржувањето на добивката ќе биде насочено кон финансирање на клучните инвестиции во областа на дигитализацијата, модернизацијата на инфраструктурата и развојот на нови деловни канали.

Ваков пристап му овозможува на Целното друштво да ја зачува силната капитална позиција и адекватната ликвидност, што претставува неопходна основа за поддршка на планираниот интензивен раст на работењето, вклучително и проширување на кредитното портфолио и унапредување на мрежата на експозитури.

Во исто време, Преземачот очекува дека политиката на задржување на профитот ќе придонесе за континуирано унапредување на клучните финансиски показатели, пред сѐ нето каматниот приход, ефикасноста на работењето (односот трошоци и приходи), како и профитабилноста изразена преку показателите ROE и ROA, и тоа на здрави и одржливи основи.

Согласно тоа, политиката на задржување на добивката претставува клучен инструмент за остварување на долгорочните стратешки цели на Преземачот, зајакнување на отпорноста на Целното друштво и воспоставување стабилен и одржлив деловен модел.

8.3.6. Промени на статусот на целното друштво

По преземањето, не се планираат промени во правниот статус ниту во правната форма на Целното друштво. Целното друштво ќе продолжи да работи како акционерско друштво, во согласност со важечката законодавна и регулаторна рамка во Северна Македонија.

**Изјавуваме дека информациите наведени во Проспектот се вистинити и дека Проспектот ги содржи сите податоци кои на сопствениците на хартиите од вредност им се неопходни за да можат да донесат соодветна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за кои знаеме или треба да знаеме.**

**За Понудувачот**

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, застапувана од Др. Уна Сикимиќ, Претседател на Извршен одбор и Татјана Куљак, член на Извршен одбор, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.7Б 1/2
Лиценца 4286,Скопје
Тел:+389 75 877 855

______________________

**АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД**, претставувана преку полномошник Адвокат Александар Кралевски

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР КРАЛЕВСКИ
ул. Славка Динкова бр.7Б 1/2
Лиценца 4286,Скопје
Тел:+389 75 877 855

______________________